**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 12. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6250 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Овој, деветти по ред извештај, се однесува на периодот од 21 до 30 ноември, односно на првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по десет изданија на Вестите во 18.30 часот (21 Live News - Информативен магазин) и Вестите, кои во неколку наврати се емитувани во 22.00, односно 23.30 часот (21 Live News - Информативен магазин). Времетраењето на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, на дваесетте изданија на вестите емитувани во десетдневниот период е 4 часа 28 минути и 53 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:34 | 18,22 % |
| Влада на РМ | 00:09:40 | 38,56 % |
| Граѓански сектор | 00:02:35 | 10,31 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:50 | 7,31 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:11 | 8,71 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:26 | 13,70 % |
| Локална самоуправа | 00:00:48 | 3,19 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:25:04** | 100 % |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:45 | 5,87 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:42 | 3,34 % |
| Беса | 00:01:43 | 2,12 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:02:21 | 2,90 % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:50 | 24,50 % |
| ДИК и други органи | 00:05:42 | 7,04 % |
| Граѓански сектор | 00:12:53 | 15,92 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:46 | 5,89 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:10 | 10,09 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:52 | 1,07 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:52 | 1,07 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:27 | 4,26 % |
| Други субјекти | 00:09:56 | 12,27 % |
| Без субјекти | 00:01:03 | 1,30 % |
| Судство | 00:01:10 | 1,44 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:00:45 | 0,93 | % |
| Вкупно за тема: | 01:20:57 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:28:23 | 17,43 | % |
| Беса | 00:15:30 | 9,52 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:29:45 | 18,27 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:27:23 | 16,81 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:16:44 | 10,27 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:08:13 | 5,05 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:25:34 | 15,70 | % |
| Левица | 00:03:15 | 2,00 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:03:52 | 2,37 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:03:27 | 2,12 | % |
| Либерална партија | 00:00:46 | 0,47 | % |
| Вкупно за тема: | 02:42:52 | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 42 минути и 52 секунди (Табела 1). Медиумот известуваше од активностите на сите 11 политички субјекти учесници на изборите. Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници е распределено на следниов начин: за Коалицијата предводена од СДСМ – 29 минути и 45 секунди, за Демократската унија за интеграции – 28 минути и 23 секунди, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 27 минути и 23 секунди и за Коалицијата ВМРО за Македонија – 3 минути и 27 секунди. За политичкиот субјект Коалиција за промени и правда – Трет блок, којшто е единствен субјект што има шест листи со потврдени кандидати, одвои 8 минути и 13 секунди. За активностите на трите учесници во изборниот процес кои имаат по пет листи со потврдени кандидати отстапеното време е следно: за Демократската партија на Албанците – 25 минути и 34 секунди, Левица – 3 минути и 15 секунди и за Либерална партија – 46 секунди. За активностите на двата политички субјекта кои имаат по четири листи со потврдени кандидати, одвоеното време за следење на нивните активности изгледа вака: за Колицијата „Алијанса за Албанците“ (ДПА-ДР, Унитети, НДП) – 16 минути и 44 секунди, за Движењето Беса – 15 минути и 30 секунди. За активностите на Партијата за демократски просперитет, којашто е единствена што има само една листа со потврдени кандидати за пратеници, во шестата изборна единица, се одвоени 3 минути и 52 секунди.

За активностите на органите на власт е информирано во прилози со траење од 25 минути и 4 секунди (Табела 1). Станува збор за прилози поврзани со: штрајкот на вработените во Југохром при што е емитувана изјава на министерот за екологија, одлуката на Министерството за труд и социјална политика за враќање пари од семејствата што на незаконски начин добивале парична помош, нови планирани владини задолжувања за наредната година – изјава на министерот за финансии, писмо на министерката за информатичко општество до ОБСЕ, средба на министрите за надворешни работи на РМ и Австрија, пренесен став на министерот за внатрешни работи во врска со обидите за поткуп на гласачи во Прилеп, акцијата „Ден на дрвото“ – изјави на директори од ЈП Македонски шуми.

Вкупното времетраење на прилозите за други теми поврзани со избори е 1 час 20 минути и 57 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризираат прилозите кои говорат за ставовите на експертите/аналитичарите, на граѓанските здруженија, за активностите на странски субјекти, најчесто

пренесени изјави на амбасадорите поврзани со изборниот процес, работата на Државната изборна комисија итн. Демократската унија за интеграции се јавува во оваа тема поради: средбата што лидерот Ахмети ја имал со тројцата европратеници – известувачи за Македонија, информациите за демолиран штаб на партијата, новинарскиот прилог за економските програми на четирите најголеми партии, прилог за донтовиот модел на распределба на гласовите со пренесена партиска порака, прилог од дебатна емисија. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ се јавува поради прилозите поврзани со: митингот во општина Карпош и интервенцијата на пајак службата, информациите за оштетен билборд на Коалицијата во Струмица, прилог за економските програми на четирите најголеми политички субјекти, прилог за партиските реторики на двете најголеми партии од македонскиот политички блок, прилог за донтовиот модел на распределба на гласовите со пренесена партиска порака. Појавувањето на Коалицијата предводена од СДСМ е поради следниве прилози: судскиот случај „Поткуп“ што се води против претседателот на СДСМ, средбата организирана од Стопанската комора на Северозападна Македонија со претставници од Коалицијата на СДСМ со цел презентација на стопанската платформа на комората, прилог за економските програми на четирите најголеми политички субјекти, прилог за партиските реторики на двете најголеми партии од македонскиот политички блок, поддршка на иницијатива на граѓански субјект. Демократската партија на Албанците е дел од прилозите поврзани со: економските програми на четирите најголеми политички субјекти, донтовиот модел на распределба на гласовите со пренесена партиска порака, прилог од дебатна емисија во која учествува претставник на партијата. Коалицијата „Алијанса за Албанците“ е дел од категоријата други теми поврзани со избори поради средбата што на иницијатива на Стопанската комора на Северозападна Македонија се одржала меѓу овие два субјекта, со цел презентација на стопанската платформа од страна на комората и поради прилогот од дебатна емисија на телевизијата емитуван во вести, каде меѓу учесниците имало и претставник на Коалицијата. Присуството на Движењето Беса во оваа тема се должи на информациите за запален билборд на партијата и прилогот од дебатна емисија каде учествува и претставник на овој политички субјект. Двете коалиции, За промени и правда и ВМРО за Македонија, се дел од еден прилог во којшто се говори за поддршката што ја дале на НВО Фридрих Еберт со потпишувањето на нивниот меморандум за подобра економија и социјална држава. Партијата Левица се појавува во прилогот за судскиот процес што се води против нивни член.

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати). Шест субјекти, од кои пет се политички субјекти, имаат двоцифрена процентуална застапеност. За четирите, условно најголеми политички субјекти (двете коалиции предводени од ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, ДУИ и ДПА), временски е одвоен приближно еднаков простор за директни обраќања (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:03:13 | 3,98 | % |
| Левица | 00:00:13 | 0,27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:31 | 14,26 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:54 | 13,50 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:10:11 | 12,61 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:52 | 2,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:25 | 2,99 | % |
| Беса | 00:05:02 | 6,23 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:07:56 | 9,82 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:24 | 0,50 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:37 | 13,14 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:08:11 | 10,13 | % |
| Влада на РМ | 00:01:17 | 1,59 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:11 | 3,94 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:46 | 0,95 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:16 | 0,33 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:34 | 1,94 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:20 | 0,41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:53 | 1,09 | % |
| | Вкупно: 01:20:46 | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Емитувани се шест премиерни изданија на дебатната емисија „Изборни дебати 2016" и десет репризи на истата емисија. Во нејзе гостуваат кандидати за пратеници на политичките субјекти коишто имаат поднесено листи до ДИК за учество на изборите. Ги презентираат своите видувања и платформите на политичките субјекти што ги претставуваат за поголем број теми поврзани со здравството, образованието, економијата, социјалната политика, локалната самоуправа, евроинтеграциите, употребата на јазиците и др.

Исто така, по завршувањето на секоја од емисиите „Изборни дебати 2016", се емитувани и шест премиерни изданија на емисијата „Клик плус" како и 10 репризни изданија, во коишто гостуваа политички аналитичари кои говореа за впечатоците од настапите на кандидатите за пратеници, гости во претходното издание на „Изборни дебати 2016".

На 22 ноември, во рамки на „Изборни дебати 2016", гостуваа кандидати за пратеници од петтата изборна единица. Политичките платформи на субјектите што ги претставуваат, во студиото на ТВ 21 М, ги застапуваа Адем Карага од ДУИ, Сурја Рушиди од Коалицијата „Алијанса за Албанците", Адријан Хусеини од ДПА и Арбен Лабуништа од Движењето Беса. По завршувањето на оваа емисија, во рамки на емисијата „Клик плус" гостуваа политичките аналитичари Аделина Марку, Газменд Ајдини, Арсим Синани и Илбер Села. Тие дискутираа за настапите на кандидатите за пратеници во изборната единица број 5 – гости во претходната емисија „Изборни дебати 2016". Изданијата на двете емисии се репризирани по два пати, на 23 ноември.

На 23 ноември, во рамки на истата емисија „Изборни дебати 2016" гостуваа пет претставници, од сите политички партии од албанскиот политички блок коишто имаат поднесено листи со кандидати за пратеници во шестата изборна единица. Гостуваа Мухамед Халили од ПДП, Талат Џафери од ДУИ, Амир Елези од Движењето Беса, Бардул Даути од ДПА и Весел Мемеди од Коалицијата „Алијанса за Албанците". Ги презентираа нивните видувања за решавање на проблемите од областа на здравството, образованието, социјалната политика, локалната самоуправа, евроинтеграциите. Во изданието на „Клик плус" гостуваа политичките аналитичари Фатмир Бетучи, Алберт Муслиу и Ибраим Мехмети. Дискутираа за кандидатите за пратеници од шестата изборна единица кои беа гости во дебатна емисија што заврши непосредно пред „Клик плус". Двете дебатни емисии се репризирани по два пати на 24 ноември.

Истиот ден, 24 ноември, е емитувано уште едно издание на емисијата посветена на изборите „Изборни дебати 2016", во којашто гостуваа кандидати за пратеници исто така од шестата изборна единица и тоа: Петре Шилегов од Коалицијата предводена од СДСМ и Бранко Мајсторовски од Коалицијата за промени

и правда. Водителот на почетокот информира дека биле поканети и претставници од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата ВМРО за Македонија. Од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ не добиле одговор, а од Коалицијата ВМРО за Македонија учеството го откажале пред почетокот на емисијата. За учесниците во оваа дебатна емисија и за нивните партиски програми, потоа во „Клик плус" дискутираа политичките аналитичари Сотир Костов, Исмет Рамадани и Сашо Клековски. Наредниот ден двете дебатни емисии беа по два пати репризирани.

На 25 ноември, повторно во „Иборни дебати 2016" гостуваа кандидати за пратеници. Овој пат тоа беа дел од кандидатите од политичките субјекти од македонскиот политички блок коишто имаат поднесено листи со кандидати за пратеници во петтата изборна единица. Дел од дебатата беа Здравко Савевски од Левица, Кристијан Мицковски од Либерална партија, Александар Делов од Коалицијата за промени и правда, Горан Милевски од Коалицијата предводена од СДСМ. Биле поканети и претставници од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ како и од Коалицијата ВМРО за Македонија, но не одговориле на поканите. Настапот на кандидатите од оваа дебатна емисија го оценуваа политичките аналитичари Ристо Никовски и Ибрахим Мехмети во рамки на емисијата „Клик плус", емитувана по првата дебатна емисија со кандидатите за пратеници. И овие дебатни емисии беа репризирани по два пати, на 26 ноември.

Изборната дебата од 29 ноември беше со кандидати за пратеници од втората изборна единица: Африм Гаши од Движењето Беса, Ејуп Алими од ДУИ, Орхан Ибрахими од ДПА и Нецмедин Садику од Коалицијата „Алијанса за Албанците". За нивните политички видувања на проблемите и нивното решавање, дискутираа аналитичарите Исмет Рамадани, Лирим Дулови, Алберт Муслиу и Абедин Зумбери, во рамки на втората дебатна емисија од 29 ноември, „Клик плус". И овие дебатни емисии беа репризирани по два пати, на 30 ноември.

Последната дебатна емисија „Изборни дебати 2016" во рамки на овој деветти по ред извештаен период, беше емитувана на 30 ноември, а гости во студиото на ТВ 21 М беа кандидати за пратеници од првата изборна единица: Зулфи Адили од Коалицијата „Алијанса за Албанците", Артан Груби од ДУИ, Идриз Орана од ДПА и Зекирја Ибрахими од Движењето Беса. Меѓу другото се дебатираше за владеењето на правото, работата на СЈО, дали албанскиот јазик е службен или не итн. Воведената практика, експертите и аналитичарите да дискутираат за кандидатите за пратеници и за нивните ставови искажани во „Изборни дебати 2016", не изостана ни овој пат. Во продолжение, гости во изданието на емисијата „Клик плус" беа Осман Кадриу, Газменд Ајдини, Џелал Незири и Арбен Раткоцери.

*Интервјуа*

Во овој деветти по ред извештаен период, во рамки на емисијата „10 минути", во врска со изборниот процес, се емитувани три интервјуа.

На 21 ноември гостуваше политичкиот аналитичар Џелал Незири. Се разговараше за очекувањата од текот на кампањите на политичките партии, начинот на известувањето на медиумите и др.

Интервјуто од 23 ноември беше со комуникологот Магдалена Андоновска. Се дискутираше за настапите на политичарите и јазикот што го користат на митинзите.

На 30 ноември, гостин во студиото на ТВ 21 М, беше Андреја Стојковски од Македонскиот центар за европско образование. Се разговараше за изборната реторика на лидерите на најголемите политички партии во врска со гласовите дадени за помалите политички партии.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во деветтиот извештаен период од 21 до 30 ноември, на ТВ 21 М во следниов прилог има поврзување на власта со политички субјект:

***21 Live News - Информативен магазин во 18.30 часот од 26.11.2016***

18:42:45 – 18:44:37 „Политика – ДУИ во Липково и Тетово", „Најавена изградба на економска зона во Липково" – Носителот на кандидатската листа на ДУИ во втората изборна единица Ејуп Алими во придружба на министерот за економија Дритон Кучи, на жителите на Липково им ветува изградба на економска зона. Изјава на Ејуп Алими: „Оваа економска зона ќе придонесе за сите места во Липково и околината. Ќе помогне на бизнисите кои им служат на економските зони. Ќе биде од корист и за Арачиново и за другите околни места. Зоната ќе биде реалност во мандатот што доаѓа". Дритон Кучи е претставен како министер за економија и со неговото појавување и изјава се поврзуваат власта и партијата. Изјава на Дритон Кучи: „Со одлука на Владата, ќе се отвори нова економска зона. Станува збор за земјиште од 19 хектари. Во континуитет, со идната влада, ќе бидат обезбедувани сите потребни средства за сите детали околу проектот".

***Сектор за програмски работи***